Број
01
Година 2010
Месец Март

# Апис

Асоцијација за Пчеларски Информации и Совети

Месечен информатор за одгледувачите на пчели во Република Македонија

## АПИС

Апикултурното периодично информативно списание се подготвува како резултат од реализацијата на пилот проектот: “Воспоставување на советодавна служба во пчеларството во Република Македонија”. Проектот е финансиски поддржан од страна на МААСП (Проект за развој на советодавните служби во македонското земјоделство), координиран од страна АПИЦЕНТАР тренинг и репро центар за пчеларство и Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје:

ПЗ НЕКТАР – Битола
Васко Карадаковски
ПЗ БРАТСТВО - Прилеп
Дејан Бошкоски
ПЗ МАТИЦА - Скопје
Иван Додевски
ПЗ МАТИЦА - Виница
Иљчо Костадиновски
ПЗ ПЧЕЛА - Куманово
Срeќко Станковски
ПЗ МЛЕЧ – Струмица
Војислав Катранџиев
ПЗ МАЛЕШЕВСКА ПЧЕЛА – Берово
Емилија Рушковска
ПЗ ПЧЕЛА – Пробиштип
Горан Ѓуровски
ПЗ ШАРОПИН – Гостивар
Мерсељ Џафери
ПЗ ЗЛАТНА МАТИЦА-Кавадарци
Пере Ризов

**Уредник на АПИС**
Васко Карадаковски
**Помошник уредник на АПИС**
Срeќко Станковски
**Уредник на АПИС (албански јазик)**
Мерсељ Џафери

Објавено на:
www.apicentar.com.mk



## 21.02.2010

На 21.02.2010 год. со почеток во 16 часот во Кавадарци се одржа Основачко Собрание на Сојузот на Пчеларски Здруженија на Македонија (СПЗМ).На основачкото Собрание присуствуваа претставници на 14 пчеларски здруженија и три фирми кои станаа членови на новиот Сојуз.

На Основачкото Собрание беше донесен Статут, Деловник за работа, и план за работа на Сојузот. Беше избран Управен Одбор, и Надзорен Одбор на Сојузот.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ПЧЕЛАРСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

- ### ПЗ НЕКАР – Битола

Се известуваат членовите на ПЗ НЕКТАР-Битола дека можат да дадат пчели за испитување од вароа. Примероците треба да се земат до крајот на Март. Исто така во просториите на Здружението ќе можат да подигнат формулар за зимски загуби. За поподробни информации треба да се јавите во Здружението или кај Васко Карадаковски на тел. 075/329-137. **Извор: Васко Карадаковски**

- ### ПЗ БРАТСТВО – Прилеп

Ве известуваме дека ПЗ БРАТСТВО – Прилеп секоја среда организира предавање од областа на пчеларството. На ден 17.02 2010 год. во 18h Д-р Александар Ристески член на ПЗ БРАТСТВО – Прилеп одржа предавање на тема:Болести и заштита на пчелите. **Извор: Дејан Бошкоски**

- ### ПЗ МАТИЦА - Скопје

На 01.03.2010 година во ПЗ Матица од Скопје, а во организација на Апицентар – Скопје и Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје предавање одржа Др Ралф Бихлер од Институтот за пчеларство од Кирхајн, Германија.
**Извор: Иван Додевски**



- ### ПЗ ПЧЕЛА – Куманово

Секоја среда со почеток во 18 h се одржуваат едукативни предавања за пчеларите од Куманово. На 17.02.2010 год предавач ќе биде Љупчо Димитровски од Пробиштип. На 20.02.2010 год. ПЗ ПЧЕЛА – Куманово одржа Годишно отчетно Собрание.

**Извор: Срeќко Станковски**

## АПЛИКАЦИЈА

Почитувани колеги,

Оваа рубрика, во нашето информативно списание АПИС, е посветена на информирањето на одгледувачите на пчели од Македонија со тековната состојба во пчелните семејства. Врз основа на резултатите од тестирањата на пчелните семејства (90) во поставените експериментални пчеларници (6) низ Македонија, а во координација на Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, редовно ќе Ве информираме за потрошувачката на храна (по месеци), појавата и исчезнувањето на леглото и развојот и динамиката на крлежот. Овие податоци, од страна на одгледувачите на пчели, треба да се искористат за соодветно спроведување на мерки за избегнување несакани последици или евентуални загуби на пчелни семејства.

Со Почит АПИС

---

**Во соработка со:**

Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје Лабораторија за пчеларство.

**ПОТРОШУВАЧКА НА ХРАНА ВО ПЧЕЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ, 2010**




Врз основа на нашите податоци од експерименталните пчеларници во Скопје (3), Битола (1) и Пробиштип (1) просечната потрошувачка на храна во пчелните семејства, во текот на месец февруари, изнесува 1,9 кг. Разликите помеѓу регионите се движат просечно од 0,7 кг до 2,3 кг.

Споредено со просечната потрошувачка на храна во пчелните семејства од 2009 година, кога потрошувачката за овој период изнесуваше 1,6 кг, оваа година таа е за 0,3 кг повисока. Овогодишните податоци од експерименталните пчеларници покажуваат просечна потрошувачка, за периодот од октомври до крај на февруари, од 6,5 кг по пчелно семејство. Овие вредности се слични со потрошувачката на храна во 2009 година кога таа изнесуваше 5,9 кг.

**Извор: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје.**

## РАБОТА НА ПЧЕЛАРНИКОТ ПО МЕСЕЦИ

### МАРТ

Месец март е месец на првиот главен преглед на кошниците кој се прави кога температурата е поголема од 15$^0$C (околу 15 март). Месец на интензивен развој на заедницата во кој треба да се направи стратегија за понатамошен развој на пчеларникот. Потрошувачката на храна во овој месец е веќе преку 3 кг.

<u>АКТИВНОСТИ НА ПЧЕЛАРНИК</u>

Утврдување на јачина на пчелни заедници и прераспоредување на медишни рамови и прихрана на семејствата;

Третман против вароа и нозема

План за развој на пчеларникот.

По утврдениот прв пролетен темелен преглед во кој е дефинирана состојбата на семејствата по вид и храна, вршиме <u>стимулативно прихранување</u> на семејствата:

-Прихрана со цврста храна (медно – шекерна погача)

-Прихрана со течен шеќерно – меден раствор

-Прихрана со прераспоредување на медишни рамови со отворање (или додавање) на затворено медни венци;

-Стимулативно ротирање на тело или секој втор рам од улиштето;

-Спојување на слаби или безматични со јаки семејства;

-Отварање (зголемување) на долно лето со затворање на горни лета;

-Сеење на медоносни растенија;

-Одржување на поилка.

**Извор: Среќко Станковски** од ПЗ ПЧЕЛА- КУМАНОВО

### АПРИЛ

Пчелната заедница полека се движи кон максималниот свој развој. Доколку правилно сме работеле со семејствата, младите пчели го земаат приматот во кошницата а со тоа започнуваат и нашите „гајлиња“ околу роевиот нагон, план за производството на мед, производство на матици и нивна замена, собирање на полен, восок, прополис и др.

<u>АКТИВНОСТИ НА ПЧЕЛАРНИК</u>

-Замена на минимум 20% стари рамки со нови сотни основи. (хигиена во улиштето, ангажирање на млади пчели);

-Проветрување на кошницата со максимално отварање на лето (затворање на горно лето);

-Активирање на поленособирачи;

-Третман против вароа (рам градежник – Прилог за еко борба против вароа);

-Формирање нуклеуси

-Одржување на поилка со антинозема додаток;

-Заштита од оси, стршлени, мравки, пчеларици и други штеточини.

**Извор: Среќко Станковски** од ПЗ ПЧЕЛА- КУМАНОВО